**Извадок од прес конференција одржана 09 Јуни 2011 година по повод 8- миот СОСТАНОК НА КОМИТЕТОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИПАРД**



Интересот за аплицирање се зголемува, и тоа е добар сигнал, оценуваат од Европската комисија за следење на ИПАРД-Програмата.

- Ова е се уште почеток за македонските земјоделци и фармери. Некои од нив се уште не се навикнати на условите и не знаат како точно да поднесуваат барања. Сепак, бројот на одбиени проекти секоја година се намалува, изјави Жерар Кили, претставник на ЕК за ИПАРД на осмиот состанок на Комитетот за следење на Програмата.

Според Кили, проблем во однос на ИПАРД-реализацијата постои и во Македонија и на европско ниво, не само кај примарните производители, туку и во индустријата за производство и преработка на храна.

Владата сака да обезбеди максимални услови за да се пријават што повеќе апликанти и да се искористат што повеќе пари што ни се на располагање од Европската унија, нагласи заменик-министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Перица Ивановски кој претседаваше со осмиот комитет за следење на ИПАРД Програмата.

Комитетот меѓу другото ги разгледа и предлозите за евентуално менување на критериумите во Програмата за да ја направи што поприфатлива и подостапна за потенцијалните корисници.

По досега објавените три јавни повици за ИПАРД одобрени се 64 проекти вредни осум милиони евра. Половина од оваа сума се кофинансира со пари од ЕУ и од Буџетот на Република Македонија.

До крајот на годинава се планира објавување на уште два јавни повици за ИПАРД, во јули и во октомври. Оваа динамика ќе продоложи и во следните години.

Во моментов, истакна Тони Димовски, Директорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, се врши административна обработка на барањата за користење на средства од ИПАРД Програмата од последниот, трет јавен повик за ИПАРД. На овој јавен повик на кој беа понудени средства во износ од 20 милиони евра, пристигнаа 74 барања.